

ИЗДАНИЕ БР.15, МЕСЕЦ АВГУСТ 2019

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2019 КАВАДАРЦИ

*Приказна под отворено небо!*

## 06 СЕПТЕМВРИ
ГРАДСКИ ПЛОШТАД

**2BONA**



**TRAP STATION**

**ТОНИ ЗЕН (DJ SET)**



## 07 СЕПТЕМВРИ
ГРАДСКИ ПЛОШТАД

**DJ BULI**



**АНТОНИА ГИГОВСКА**



**ЈЕЛЕНА РОЗГА**



## 07 СЕПТЕМВРИ
КОСТУРНИЦА

**DJ METODI HRISTOV**



**DJ LAKO**



**DJ POWER**



**DJ METHA MILL**



## 08 СЕПТЕМВРИ
ГРАДСКИ ПЛОШТАД

**КАРНЕВАЛСКО ДЕФИЛЕ**



**BLUE BAND**



**ЗДРАВКО ЧОЛИЌ**



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Општината Кавадарци преку ангажираната фирма„МЗТ-Битола“ деновиве реализираше уште еден комунален проектот. Се изврши целосна реконструкција на покривот на зградата на Спомен домот„12 Другари“ во Ваташа. Наместо старата и дотраена ќерамида се постави лим, а реконструкцијата опфати санирање на сачокот, како и замена на старите олуци со нови. Со овој зафат општината ја заокружи реконструкцијата на Спомен домот во Ваташа, која започна минатата година кога во пресрет на јубилејот 75 години од стрелањето на 12 младинци, беа реконструирани просториите и салата во домот каде се одржа и свечената академија. Оваа рекоснтрукција на домот во Ваташа е прва после 35 години.

Општина Кавадарци преку оперативата на ЈП„Комуналец“ реализира проект за реконструкција на водоводната линија на улица„Перо Видев“ во Ваташа. Според проектот се работи за замена на последните 200 метри водоводна линија од азбест-цеметни цевки во селото. На нивно место е поставена нова линија од ПВЦ цевка. Со овој зафат општината на жителите од овој дел на Ваташа им обезбеди снабдување со здрава вода за пиење по еколошки стандарди.





Градежната оператива на фирмата„Градба промет“ во село Ваташа работи на кејот шеталиште по коритото на реката„Луда Мара“. Според динамиката деновиве се извршуваат работи на бетонирањето на пешачките патеки над минорното корито, се поставуваат канделабри од јавното улично осветлување, како и се доуредуваат страните од големото корито на потегот пред фудбалското игралиште. На проектот„Кеј шеталиште“ во Ваташа досега е бетонирано минорното корито со потребните каскади и се оформени контурите. Според проектот новиот кеј на потегот од паркингот кај зградите„Силекс“ до последниот мост на регионалниот пат е во должина од 770 должни метри.
За реализација на овој проект општината ќе инвестира 20 милони денари.

Во селото Ваташа интензивно се работи на изградба на новиот мост и проширување на патот пред и после мостот на регионалниот пат кон Витачево и идниот граничен премин„Пулевац“. Овде се санира и речното корито во должина од околу 180 метри, како и пристапниот и излезниот пат на самиот мост кој ќе биде и променет. Се работи за мошне значаен проект со кој ќе се подобри безбедноста во сообраќајот на овој дел од општина Кавадарци. Проект е од огромно значење за жителите на Ваташа и се реализира на нивно барање. Инвестицијата е во вредност од околу 480 илјади евра, а средствата се обезбедени од буџетот на ЈП за државни патишта.





Општината Кавадарци започна реализација на нов комунален проект. Ангажираната оператива работи на расчистување на стариот тротоар на десната страна од улица„Страшо Пинџур“ во правец на Ваташа.
Во наредната фаза на овој потег ќе се постават нови рабници, нов тампон и павер елементи.
Со овој проект општината ќе создаде поголема безбедност за движење на пешаците како урбанизирање на просторот.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Поставување на детски реквизити на ул.Ѓуро Салај, донација од ПАКОМАК.





Во изминатите денови во с.Марена беше спроведена јавна анкета за приоритетните проекти кои им се потребни. Како најприоритетен проект се издвојува изградбата на колекорскиот систем. На 10.07.2019 година беше закажана седница на Советот на Општина Кавадарци, по иницијатива на Градоначалникот г-дин Митко Јанчев, Советот на Општина Кавадарци го изгласа ребалансот на буџет за Општина Кавадарци со што ќе се пренаменат 20 милиони денари за доградба на колекторскиот систем до излезот од с.Марена

Реконструкција на водоводна линија во должина од 150 метри во с.Ваташа согласно изградбата на новиот мост.





Рушење на склонопадна куќа се со цел пробивање на крак од ул.Киро Каракулев.

Започна реконструкцијата на ул.Тиквешко востание. Оваа реконструкција е продолжување на проектот за обновување на сите главни улици во градското подрачје.
Во првата фаза се проширува делот запаркирање согласно проектот за зонско паркирање.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



Се асфалтира ул.Скопска со претходна реконструкција на водовод и канализација.

Извршено е поплочување на тротоар на улица 41 Девизија спој со улица Кузман Јосифовски Питу , изведувач АС Машини Кавадарци.





ПРЕВЕНТИВНА АКЦИЈА ЗА УПОТРЕБА НА ЗАШТИТНА КАЦИГА

Советот за превентива, тело кое го раководи градоначалникот на Општина Кавадарци Митко Јанчев без претходна најава, спроведе превентивна акција наменета за возачите на мопеди. Акцент се даде на употребата на заштитна кацига.

Ова тело во кое членуваат стручни лица , има за цел да превенира појави кои имаат помасивна опфатеност од безбедносни и други ризици.

Неупотребата на заштитна кацига беше причина повеќе да се направи практична акција која со помош на ПС од ОН Кавадарци беше спроведена на повеќе локации во градот.Притоа активистите на Советот на превенција, Градоначалникот Митко Јанчев претседателот на Советот Ристо Сакалиев, судијата Лазар Нанев,командирот на ПС од ОН Кавадарци Сашко Димовски и други лица стручни во областите во кои професионално работат, лично делеа флаери со превентивни пораки.

Статистички , превентивните акции даваат над 50 насто подобри резултати од репресивните мерки.Затоа градоначалникот Јанчев , уште на стартот на неговиот мандат се заложи превентивата да ја применува кај разни девијатни појави присутни кај дел од нашите граѓани.



Во тек е изградба на потпорен ѕид на улица Смилица.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Заврши работата на Западен булевар со изградбата на жардинерија и хортикултурно уредување и поставување на систем за наводнување.





По иницијатива на жителите од с.Крњево, се спроведува акција за инфраструктурно уредување. Се чисти депонијата која е проширена кон игралиштето ,се чисти постоечката и се копа нова јама. Во тек се и низа други активности се со цел подобро функционирање на жителите во с.Крњево.

На Северен Булевар се пробива споредна сервисна улица која ќе се користи како влез на депото и Јавното Претпријатие за Паркинзи.





Предизвикан е одрон на патот и насипи од земја од несовесен одгледувач на лозов насад и прекумерно наводнување, на патот помеѓу с.Дреново и с.Сирково. Поради неможноста на Македонија пар да интервенира со механизација за справување со одронот, а по налог на Градоначалникот Митко Јанчев се активирани механизацијата на ЈП Комуналец и ТППЕ на Кавадарци согласно нивното функционирање во интерес на општеството, како и механизација од фирмата ЈА-МИ како донација кон Општина Кавадарци. Патот беше обезбеден и сообраќајот регулиран од ПС ОН Кавадарци. Акцијата беше успешно спроведена и за помалку од два часа патот беше прооден и уредно среден.

На ул.Полошка се работи на реконструкција на фекална и атмосферска канализација во должина од околу 147 метри.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



На ул."25 ти Мај" се работи на реконструкција на фекална канализација во должина од околу 40 метри.

Градоначалникот Митко Јанчев заедно со службите беа на терен на ул.Младост и на ул.Галишка поради пробивање на Западен булевар како и на други локации каде во тек се градежни активности.





Градоначалникот Митко Јанчев заедно со службите имаше средба со жителите на ул.Шишка. На средбата се разговараше за најавената целосна реконструкција на ул.Шишка.

Обележување на паркинг места на ул.Цветан Димов.





Во тек е изградба на нов кружен тек кај Винарска визба Тиквеш , интензивно се работи и на проширување на патот , изведувач е Градба Промет . Исто така по завршувањето на кружниот тек ќе се постави и хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Од страна на Општина Кавадарци е побарано повторно интервенирање од страна на фирмата која пред неколку дена заврши со асфалтирање на ул.Браќа Хаџи-Тефови и ул.Рајна Соколова . Фирмата ќе ја повтори целата постапка без финансиски надомест од општината.





По веќе отпочнати градежни работи на ул."Тиквешко востание", се работи интензивно на проширување на улицата, а воедно се завршува и поплочување на тротоарот.

Општина Кавадарци преку ангажираната оператива на фирмата „Коп Инжинеринг" го реализира комуналниот проект за изградба на атмосферска канализација во село Дреново. Со пари од општинскиот буџет, сметка за комунална изградба се реализира проектот за поставување нова линија во должина од 130 метри, на потегот од центарот на селото, до кружниот тек на влезот во Дреново. На оваа локација се поставуваат нови цевки со профил фи 400, вкопани во земја, како и две решетки за зафаќање на атмосферските води. Општината на оваа локација ќе изврши проширување на улицата, како и поставување на нов асфалт.





Поголема безбедност, како и непречено движење по градските улици се приоритетите на општината во решавањето на проблемите во сообраќајот.
Тековната реализација на проектот за реновирање на главните сообраќајници во Кавадарци, Општината го користи и за да реши неколку тесни и опасни точки.
Со актуелното санирање на улицата „7 Септември" на потегот од мостот кај Јаворот па до салата „Партизан", општината реализира изградба на два кружни тека.
Новото сообраќајно решение на овие локации, ќе овозможи побрз, побезбеден и поефикасен проток на возилата, како и многу побезбедно движење на пешаците и останатите учесници во сообраќајот.
Општината планира и неколку други слични кружни текови на тесните грла на другите раскрсници низ градските улици

# АЛШАР 2019



Ниеден од досегашните, а така и овогодинешниот АлШар не ќе беше можен без поддршката од веќе традиционалните, а и нови спонзори, донатори, помагатели, волонтери, институции, медиуми и секако не ќе беше можен без сите учесници и сите посетители и добронамерници.
**МАЛКУ Е ДА РЕЧЕМЕ БЛАГОДАРИМЕ ...**

Заедно создадовме настан, кој веќе полека прераснува во меѓународен, настан кој е од особена општествена одговорност, сакање и зачувување на нашата прекрасна природа, настан кој го поттикнува меѓусебното дружење, почитување, љубовта, настан кој повикува сите да бидеме позитивни и ја зачуваме автентичноста на поднебјето од каде потекнуваме.
Со оваа објава сакаме да искажеме јавна благодарност до сите кои го прават АлШар – АлШар,
А воедно да Ве информираме сите дека поради екот на годишните одмори, традиционалната пригодна церемонија на доделување на Благодарници за АлШар 2и19 ќе се одржи со поместување во почетокот на Септември 2019.












# КАВАДАРЦИ СТРИТ ФЕСТИВАЛ

#FEELKAVADARCI

Оваа година за прв пат во нашиот град се одржа Кавадарци стрит фестивал. Во период од една недела секој ден градскиот плоштад беше место каде се собираа граѓани од сите генерации и се забавуваа во топлите летни вечери.

Фестивалот беше во организација на Општина Кавадарци а под покровителство на бизнис секторот. Како генерален покровител се јавува Дрекслер Мајер и дополнителни спонзори Кожувчанка и Витаминка. Голема благодарност до спонзорите кои несебично го поддржаа целиот настан.

Првите три дена беа резервирани за уличната кошарка. Три дена стрит баскет на градскиот плоштад го разбуди спортскиот дух кај младите надежни кошаркари, не само од Кавадарци туку и од соседните општини. Учествуваа 12 машки екипи и 2 женски кои одиграа ревијален натпревар.

Финалните натпревари, за жал, поради временските услови се одиграа во СЦ Јасмин. На огромно задоволство на организаторот седиштата беа задоволително исполнети.

На овие натпревари како гости беа Претседателот на КФМ Перо Антиќ и спортскиот директор, нашата кавадаречка кошаркарска легенда, Тодор Гечевски.

Победници на стрит баскетот е тимот КГЈ , гости од Прилеп, второ место Лејкерси и трето место Мајами. Кај женските тимови прво место освои КК Спортисимо и второ место Про Баскет.

Кожувчанка за најдобрите обезбеди парични награди.

Наредните денови беа исполнети со програма која секојдневно нудеше забава за најмалите но и задоволување на останатите вкусови.

Секојдневни анимации за најмалите, многу игри и забава.

Настап на кавадаречки изведувачи, мал терен за скејтборд, цртање на графити. Градскиот плоштад секоја вечер беше исполнет со смеа и задоволни насмеани лица.

Наредната година ветуваме уште побогата и подолга програма.

#FEELKAVADARCI












Roma caffe





















На прес конференција на Домот на културата беше неофицијално претставена новата извонредна кореографија “Пијанец“, новите работни облеки, во најава новите народни носии специјално изработени за кавадаречкиот културен амбасадор, како и учеството на Меѓународниот натпреварувачки фолклорен фестивал во градот Панаѓуриште во Република Бугарија. Можеби најважниот момент е тоа што кавадаречките играорци повторно имаат народен оркестар кој ќе ги следи на нивните проби и настапи.
Гостувањето и учеството на фестивалот во Бугарија е во организација на Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци и Домот на културата “Иван Мазов - Климе“ Кавадарци. Кавадаречките играорци на фестивалот во Бугарија. Фестивалот се случи на 18 јули во Панаѓуриште. На официјалното отварање се случи и првиот настап на кавадаречките играорци.





Извидничкиот одред од Белгија втора година по ред ја избира Општина Кавадарци за дестинација каде ќе престојува .Со завршување на училишната година извидничките одреди бираат дестинација каде ќе патуваат со мисија која се состои од следните компоненти:

1. Запознавање на нова земја;
2. Остварување општокорисна работа во местото каде престојуваат;
3. Промовирање на извидништвото.

Извидниците од Белгија ќе престојуваат 9 дена во општина Кавадарци од кои 4 дена во град Кавадарци.Согласно слоганот на Општина Кавадарци За убаво и чисто Кавадарци извидниците ќе земат активно учество со активности на општина Кавадарци и ЈП Комуналец во делот на општокорисна работа на територијата на град Кавадарци.

Останатиот дел од нивниот престој во Општина Кавадарци извидниците ќе имат едукативен дел за најмалите деца во излетничкото место Михајлово и во исто време ќе го запознаат тој дел на општината преку прошетки.

Имајќи во предвид дека општина Кавадрци е избрана по втор пат како дестинација за посета од страна на извиднички одред можеме слободно да кажеме дека политиките и динамиката на работа која е воспоставена од страна на Градоначалникот е препозната и на интернационално ниво и е во согласност со политиките на работа на европските градови.

Лето. Период од годината кој најмалку го сакам. 40 степени под сенка, на с'нце 140, ден д'г ка це открше мислиш цела година трае, сите офкат сите кукат, работниот капацитет на човекот е намален за најмалку 30%, и секое наредно лето се повеќе живина и бубачки. Виа вторите ем повеќе ги има ем се поголеми и поголеми секоа година. Бубашваби кууку ниа џипчињата на батерии шо му ги купуат на децата, бумбарчињата виќе не се бумбарчиња туку се бумбаришта, ѓоа фиќо се. Навечер сакаш да а избркаш муата шо те малтретита и отвараш џам, и пос две три минути глеаш дека гадно си се зафркнал. Муата не само шо не излегла туку за тиа две минути влегле: уш печес муи, две три гуштерички, седум осум комарци, еден лиљак, трујца од Лајонес и двајца Јеховини сведоци... А комарците се па посебна прикаска. Прво и они се секоа година се поголеми и поголеми (за некоа година ѓоа штркови ќе бидат), второ не помага ни прскање ни бутур и трето не се тепат од прва, ѓоа од гума се направени, од ка ќе го удариш, ќе ти избега и напоречки те гледа дури не си легниш, а од ка ци легниш ти ци знајш...

Ама да не испадне само на кукање, не е се така лошо и црно летно време. Тука се поседанките по дворови, на Тиквешкото езеро, горе у Моклиште, на 12те деца, па скаричка, па салатка со ракиика,па ладно пивце, па имаш поеќе време да читниш нешто ако си по читањето, имаш поеќе време ако си љубител на филмови и серии, и нормално тука е и годишниот одмор, кој се користе да се избега од секојдневието и да се изоде на малку на море, езеро, а у последно време и не така ретко и на океан, кој кај милуе и кој на кууку му држе џепот офкорс. А се оде, на големо се оде на одмор. Реееeетко кој не оде. Ја еве на пример одам денеска, три саата од ка го пишам воа, и одам прв пат после 10 години да се поизбањам на поголема вода, така да шом ја ќе одам ваа година убеен сум дека сите ќоат. Полека се ближе времето и за Тиквешкиот Гроздобер, официјалната програма виќе се знае, така да се чека само септември да пукне и да истераме нова прикаска под отворено небо, со добро вино и добра забава. Ама за Гроздоберот малку поеќе у следниото пишување за Градски Муабети. Воа пишување ќе го завршам со една тру летна стори: На градскиот пазар пазаруе еден човек и го среќава еден друг човек, пријател негов со кој се немат видено поодамничка.

Пријател 1: За на одмор ли се спремаш?

Пријател 2: Аха, а ти?

Пријател 1: Да, испаднав влечки да си купам...

Пријател 1: До кај ќе изодујте?

Пријател 2: Ами се мислеме дали до Малдивите, дали до Сејшели, и жента пресечи, на Малдивите ќојме... Ви?

Пријател 1: Ни до Тиквешкото езеро ќе изојме една недела.

Пријател 2: Ако. НАЈУБАВО.......

П. С. Не ми текиња ништо за Пи Есот ваа пата. Се читаме за еден месец :*

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk